View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

**Страшко Стојановски**

# ОД МИЛЕТ ДО НАЦИЈА

## Создавање на нациите и национализмите на Балканот

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања

Страшко Стојановски

# ОД МИЛЕТ ДО НАЦИЈА

## Создавање на нациите и национализмите на Балканот

Центар за правно-политички истражувања
Штип, 2016

**Издавач** © 2016 Copyrights Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања. Адреса: Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, бул. Крсте Мисирков 10а, ПБ 301, 2000 Штип, Република Македонија. e-mail: clpr@ugd.edu.mk; веб. ugd.edu.mk и clpr.ugd.edu.mk

За секое наредно објавување или ре-објавување на целата публикација или дел од нејзините содржини, авторските права ги задржува авторот

**Рецензенти**

Проф. д-р Марија Ташева

Проф. д-р Јован Ананиев

**Лектура**

Александар Димитров

**Печати**

Печатница 2-ри Август - Штип

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.32(091)

323.14(497)

СТОЈАНОВСКИ, Страшко

Од Милет до нација [Електронски извор] : создавање на нациите и национализмите на Балканот / Страшко Стојановски. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет, 2016

Начин на пристап (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php. - Текст во PDF формат, содржи XVIII, 344 стр.. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 21.01.2016. - Фусноти кон текстот. - Abstract. - Библиографија: стр. [335]-344

ISBN 978-608-244-278-5

а) Општествено уредување - Историски преглед б) Национализам - Балкан

COBISS.MK-ID 100347658

**Страшко Стојановски**

# ОД МИЛЕТ ДО НАЦИЈА

## Создавање на нациите и национализмите на Балканот

**Апстракт**

Милетскиот систем во рамките на доцноосманлиската империја служи како основа за создавање на современите идентитети на Балканот. Структурата на овој систем претпоставува конфесионално санкционирана поделба на заедниците. Она што ѝ дава форма на новиот тип на идентификација е националната идеологија, продуцирана на Запад и импортирана во рамките на империјата. Притоа моделите на создавање на идните национални идентитети се движат од трансформацијата на панхристијанството (панправославие) преку панславизмот до чистите форми на национализам. Истовремено територијалноста е инкорпорирана во идејата за татковината, што заедно со претпоставените етно-јазични групни карактеристики ги создава предусловите за создавањето на нациите-држави и на нив придружните колективни идентитети. Сличен, иако подоцнежен, е и процесот на создавање на современиот турски идентитет кој се развива од фазите на паносманизам, преку панисламизам, па сè до турскиот национализам.

Македонскиот протонационализам своите почетоци ги има во рамките на религиското христијанско екуменство и автономијата на црковно-училишните општини, за да преку панславистичката фаза се развива идејата и потребата за државност, претставена преку борбата за здобивање на автономен статус на Македонија. Притоа, иако се развива подоцна, македонскиот национален идентитет ги има сите карактерни особини на останатите балкански нации во периодот на нивното оформување. Националниот натпревар и борбата за стекнување на сфери на влијание на младите балкански нации-држави делува стимулативно за повлекување на границите на македонската идентификација. Сепак, мора да се забележи дека отсуството на матични македонски национални институции го оневозможува целосното национално оформување, што, пак, е искористено по 1913 година и поделбата на Македонија за побрза асимилација во рамките на државите во кои потпаѓа населението. Државноста реализирана по Втората светска војна овозможи во НР (СР) Македонија да се оформат предуслови за институционално градење на целосно оформената македонска нација.

***Клучни зборови:*** *милетски систем, национален идентитет, Османлиска империја, балкански нации-држави, Македонија, македонски идентитет.*

**Strashko Stojanovski**

# FROM MILLET TO NATION
## Creating Nations and Nationalisms in the Balkans

**Abstract**

The Millet system in the Late Ottoman Empire is the main base for formation of the modern identities in the Balkan. The structure of this system includes confessional divisions of the communities. The think which gives form of the new type of identification is the national ideology, which was produced and imported from The West in the framework of the Empire. Furthermore the models of the creation of future national identities are incorporating the transformation of Panchristianity (Panortodoxy), through Panslavism, to the pure form of nationalism. In the same time the territory is including the idea of the fatherland, which together whit ethno-linguistic group characteristics creates the preconditions for creation of nation-states and their collective identities. Similar, but rather late is the process of creation of the modern Turkish identity developed from the stages of Panottomanism, through Panislamism, to the Turkish nationalism.

The Macedonian protonationalism has its beginnings in the framework of the Christian religious ecumenical church and the principle of autonomy of Church-School municipalities, and through Panslavistic stage is developed the idea and nead for statehood, represented in the struggle for autonomy of Macedonia. Even late developed, Macedonian national identity has all of the characteristics of the other Balkan nations from the period of their creation. The national contestation and the struggle of the young Balkan nations for influence, is stimulus for the creation of the group borders of Macedonian identification. But we must notice the lack of Macedonian national state institutions which enables national integration and its used in the stages of nation- state assimilation after the division of Macedonia in 1913. The Macedonian statehood is accomplished after the Second World War period and the creation of PR (SR) Macedonia, which created the preconditions for institutional building of fully accomplished Macedonian nation.

***Keyterms:*** *Millet system, National identity, Ottoman Empire, Balkan nation- states, Macedonia, Macedonian identity.*

**Благодарница**

За изработката на овој труд посебна благодарност сакам да упатам до институциите и поединците кои директно или индиректно го овозможија неговото создавање.

Посебна благодарност до Министерството за образование и наука при Владата на Република Македонија, чиј стипендист бев во периодот од 2000-2007 г. Исто така би сакал да упатам благодарност до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", каде се здобив со моето образование, како и Универзитетот „Гоце Делчев", во кој сум вработен. Благодарност до Институтите за социологија и историја, при Филозофскиот факултет во Скопје, како и Институтот за национална историја во Скопје, Република Македонија. Исто така би сакал да упатам благодарност до Универзитетот во Виена, Р. Австрија, каде за време на студискиот престој во периодот октомври-февруари 2010-2011 година, го завршив истражувањето за овој труд.

Огромна благодарност би сакал да упатам до мојот ментор, проф. д-р Марија Ташева, од Институтот за социологија за сесрдната поддршка во мојот интелектуален развој. Исто така, би сакал да изразам особена благодарност до проф. д-р Георге Младеновски од Институтот за социологија, како и до проф. д-р Ванчо Георгиев од Институтот за историја на Филозофскиот факултет - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за конструктивните разговори и забелешки.

На крај би сакал да се заблагодарам за поддршката која ја имав од семејството и моите блиски во Крива Паланка.

**Предговор**

Кон крајот на XX век Френцис Фукијама го најави крајот на историјата, нудејќи дефиниција за природата на последниот човек. Ова беа времиња кога се рушеше Берлинскиот ѕид, а крајот на Студената војна ја промовира глобализацијата како нов светски поредок, кој значително би ги редефинирал традиционалните шеми на колективно организирање како нова алтернатива која нуди не само економска, туку и политичка и идеолошка промена. Ваквите нови алтернативи навестуваа крај на идеолошкиот концепт на нацијата-држава. Истиот во денес познатата форма се појави кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, доминирајќи во светскиот поредок последните двесте години. Но прогнозите на Фукијама се покажаа далеку од вистинска перспектива, а економската унификација беше проследена со низа политички судири, кои наместо минимизирање на националната идеологија истата ја воздигнаа како примарен фактор на колективна мобилизација. Ова беше дотолку изразено на просторите на Југоисточна Европа, каде кон крајот на XX и почетокот на XXI век експлодираше национализмот, создавајќи предуслови за насилна дезинтеграција на бившата Југословенска федерација.

Многумина последните две децении го поставуваат прашањето на природата на балканскиот деструктивен национализам, обидувајќи се да ја откријат природата на овој идеолошки феномен кој произведува насилство. Националната идеологија на Балканот полека но сигурно добива дискурзивна форма, која, ако не концептуално, барем во временска рамка отскокнува од националниот концепт развиван во централна и западна Европа. Насилната природа се бараше во актуелната политичка поставеност на балканските елити, а решенијата за градење на одржлив мир се ограничуваа на краткорочни солуции, кои не навлегуваа во генезата, а со тоа и не се засноваа на принципите на долгорочна одржливост на мирот.

Конфликтите се појавија или во зоните кои директно произлегоа од османлиското наследство или беа погранични области под влијание на бившата Австро-унгарска империја. Фокусот во деведесеттите беше ставен на Босна и Херцеговина, а во почетокот на XXI век се повлече на југ кон Косово,

Албанија и Македонија – ситуација која потсетуваше на периодот од пред еден век, кога во Источната криза од 1875-1881 г., а подоцна и во 1908 г. тежиштето на светските интереси на Балканот биде насочено кон Босна и Херцеговина, за да во текот на Балканските војни од 1912/13 година се помести на југ кон Македонија. Но, без разлика дали постои случајност во следственоста на настаните пред стотина години и денес, генезата на проблемот лежи во начинот на градење на националната свест, кој на османлискиот дел од Балканот се промовира во XIX век.

Националната идеологија како новитет е конципирана на просторите на западна и централна Европа, а потоа импортирана во рамките на Империјата (се мисли на Османлиската империја), која при судирот со традиционално воспоставениот милетски административен систем, кој се темелеше врз основа на религиската припадност, произведе нов систем на политичка мобилизација на масите. За разлика од претходниот период кога поданичката поставеност на различните лингвистички колективитети на прво место ја истакнува верата, сега новите односи во прв план го истакнуваат образованието и влијанието на високата култура, кои претставуваат темели на етнојазичните групни карактеристики.

Оттука предизвикот за проучување на милетскиот систем во Доцноосманлиската империја е клучот за решавање на современите дилеми кои произлегуваат од меѓуетничките односи на современиот Балкан. Административното уредување во Османлиската империја е базата за конструкција на идентитетите, но само по себе недоволно за да ги задоволи поставените прашања. Неминовно постои и втор основен столб кој интерактивно ги поврзува или разделува идентитетите, создавајќи ја помалку или повеќе денешната мултиетничка слика во која националните граници не се доволно ограничувачки фактор за нејзината манифестна содржина. Секако вториот столб мораме да го лоцираме надвор од овој регион, на просторите на западна Европа, каде во почетокот на XIX век се создава нов вид на општество кое се темели на неколкуте негови карактеристични белези: *граѓанското општество* инкорпорирано во системот на нацијата-држава, *пазарната економија* или т.н. капиталистичко општество, како и новиот тип на идеологија кој произлегува и е во функција на претходните две - *национализмот*.

Пристапот во проучувањето на ваквата комплексна проблематика неминовно упатува на интердисциплинарност, со инкорпорирање на повеќе научни дисциплини од сферата на општествените науки, пред сè историјата, социологијата и антропологијата. Како надополнување мора да се истакне улогата на теоријата на нациите и национализмот, која како гранка значително се разви кон крајот на XX век, а преку нејзино синтетизирање со емпириските податоци на историографијата може да се добијат генерални ставови кои би се однесувале на карактерот на појавите и процесите од крајот на XIX век.

Проблемите во ваквиот карактер на проучување можат да бидат повеќестрани. Во прв ред тука влегува квалитетот на синтетизирање на теоријата со емпиријата, селекцијата на емпириски податоци, субјективниот фактор на обезбедување на вредносно неутрален пристап на истражувачот, што сè заедно упатува на вредноста на добиените резултати од истражувањето.

Ваквиот пристап, иако не е нов во светски рамки, на овие простори е сè уште новитет, што понекогаш создава проблеми во презентирањето на погледите и особено развивање на квалитетни научни дискусии, кои би излегле од рамките на националните стеги. При ова истражување особено внимавав на начинот на инкорпорирање на модерните теории во рамките на традиционалните емпириски погледи на минатото. Опасноста во ваквата интерпретација е двострана. Од една страна, инсистирањето на произведување на генерализации врз база на теоријата може да создаде само навидум реална слика за состојбите на Балканот во самата фаза на промоција на нацијата. Ваквиот поглед се надополнува со изразеното, денес, супериорно западноцентрично гледиште, кое речиси создава монопол во конструкцијата на ваквите претстави, кои подоцна преку новите генерации на домашните научни работници е трансферирано во рамките на интелектуалната мисла во регионот на Балканот. Но, од друга страна, затвореноста на традиционалните историографии во рамките на своите национални системи, во кои фактографијата и емпиријата се основната и многупати единствена понудена перспектива, без согледување на проблемите од аспект на повеќе научни дисциплини и нивно суштинско анализирање, создава опасност од подеднакво помалку објективно произведување на заклучоци. Многупати, особено во рамките на историската наука, потрагата по вистината и инсистирањето на истата создава обратен ефект на субјективно и селективно презентирање на фактите.

Последната претпоставка упатува на вториот значаен фактор, кој може да претставува проблем во објективното проучување на настаните, процесите и појавите, а особено на оние кои се поврзани со конструкцијата на идентитетите. Од теоретски аспект пристапот може да биде повеќестран, за што во последниве неколку децении се водат дискусии. Во понатамошниот дел ќе бидат опфатени сите овие пристапи, но како истражувач сепак во анализата на податоците главно го користам модернистичкиот пристап, кој како новитет поконкретно се развива кон крајот на XX век, под влијание на работата на Ернест Гелнер и неговите следбеници. Од емпириско-фактографска гледна точка исто така се соочив со проблемот на селекција на материјали, кои би ми понудиле објективна слика. Во текот на истражувањето се соочив со голем број пишани трудови кои мораа да бидат прочистени од идеолошките примеси на претходните еднопартиски системи, но и со навистина квалитетни трудови кои навлегуваа во сржта на проблемите.

Меѓународната литература, особено онаа произведена во последната деценија, нуди поинаков пристап, од кој може да се извлече суштината на позначајните настани и процеси.[1]

Врз основа на претходно споменатото при изработката на трудот бев упатен да ги посочам факторите на субјективност и објективност. Кога се зборува за прашањето на родната антропологија, постои мислење дека научниците кои ја истражуваат својата родна земја наследуваат привилегирано знаење за својата култура. Но, според модернистичките сфаќања на антропологијата и етнологијата, секоја студија треба да започне со дистанцирање на сопствената родна култура, по што научникот може да се зафати со критичка интроспекција (Каракасиду, 2002: xx). Тргнувајќи од мојата позиција на припадник на една од конфесиите која учествува во дефинирањето на колективниот идентитет кај еден од народите на Балканот, јас сум ставен во вредносно субјективна позиција. Јас ја немам предноста на тотален аутсајдер на истражувачите надвор од овој регион, чиј идентитет не е директно засегнат со овој проблем, но, од друга страна, доколку успеам да го исклучам факторот на локална субјективност, што е моја интенција, имам универзална предност над надворешните истражувачи бидејќи сум во позиција од прва рака да го детектирам идентитетскиот дискурс на просторите во кои интелектуално се развивам.

Практиката, особено на "западните" антрополози и социолози е преку проучувањето на одделни и релативно изолирани заедници да генерализираат, донесувајќи заклучоци кои се однесуваат на поширок простор, честопати значително надминувајќи ги границите на единицата на нивното проучување. Тие неретко создаваат поширока слика која е презентирана на западните универзитети, но во основа не одговара на фактичките состојби. Јас ќе се обидам да го направам спротивното. Тргнувајќи од западната перцепција може да се проследи процесот на креирање на локалните колективни идентитети. Моќта да се наметне "западниот" национален концепт на поширокиот простор на Балканот во XIX век придонесува за редефинирање на колективните идентитети, кои дотогаш главно биле конструирани врз религиозна основа. Токму ваквата синтеза на западниот - оксидентален и источниот - ориентален дискурс ја создава денешната слика на сличности и разлики кај заедниците во овој регион.

---

[1] Според Хрох поголемиот дел од литературата за нациите и национализмите е продукт на социолозите и антрополозите кои развиваат теоретски рамки и преку селектирани примери ги илустрираат нивните генерализации, додека историчарите сакаат да почнат емпириски истражувања и потоа да се движат кон пошироки заклучоци (Пандевска, 2008: 171).

Сепак, одлуката за обработка на оваа тематика во основа беше мотивирана од мојот досега изграден профил на дипломиран историчар и магистер по социолошки науки. Првото ми дава основна предност од аспект на апсолвираност на основите на емпириските податоци и фактографијата на историографијата на регионот, а второто ми овозможува да навлезам во подлабока теоретска анализа на проблемите. Оттука, во понатамошниот дел од трудот ќе направам обид да навлезам во суштината на проблематиката, свесно знаејќи дека најверојатно нема да ги пронајдам одговорите на сите прашања, но со цел барем да се доближам до истите и да отворам простор за понатамошни истражувања и дискусии на оваа тематика.

## СОДРЖИНА

**Вовед.......................................................................................................19**

Предмет на истражувањето.................................................................. 19

*Дефинирање на основните поими на истражувањето*........................... 20

*Досегашни истражувања* ...................................................................... 22

Цели на истражувањето ....................................................................... 23

Хипотези на истражувањето ................................................................ 24

Методолошки пристап на истражувањето........................................... 27

**ГЛАВА ПРВА: НАЦИОНАЛНА ИДЕОЛОГИЈА И МИЛЕТ СИСТЕМ: РАСПРАВА ЗА ОСНОВНИТЕ КАТЕГОРИИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 29**

1.1 ОСНОВНИТЕ ТЕОРЕТСКИ КОНЦЕПТИ ЗА НАЦИЈАТА-ДРЖАВА И НАЦИОНАЛНАТА ИДЕОЛОГИЈА.............................................................. 29

*1.1.1 Еволуција на мислата: Суверенитет, колективна свест и идеологија* ......................................................................................... 29

*1.1.2 Основни теоретски претпоставки за потеклото, релациите и карактерот на нациите и национализмот: Модели на градење на нацијата* ............................................................................................... 34

*1.2.3 Градење на колективната меморија: Улогата на националната историја на Балканот*.......................................................................... 62

Градењето на митот за потекло и континуитетот на нациите ............................ 64

Теорија на виктемизација и националната херојска и „златна доба“ ................. 71

Месијанската улога на националната историја во креирањето на интергрупните граници ................................................................... 79

1.2 ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОЦНООСМАНЛИСКИОТ МИЛЕТСКИ СИСТЕМ .................................................................. 83

*1.2.1 Административно (територијално) уредување во Османлиската империја* ........ 85

*1.2.2 Појава и значење на милетот* ........ 90

*1.2.3 Основни претпоставки за поставеноста на османлискиот правен систем* ........ 100

Конституционото (уставно) право ........ 103

Кривичното право ........ 104

Закони за судската процедура и судската организација ........ 105

Административно право ........ 107

Земјишно право ........ 108

Прилог 1: Карта на Османлиската империја ........ 109

Прилог 2: Компарација: модернизам наспроти перенијализам ........ 110

Прилог 3: Модели на градење на нацијата ........ 111

**ГЛАВА ВТОРА: ПРОМОЦИЈА НА НАЦИЈАТА НА БАЛКАНОТ: СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РАБОТАТА НА ЦРКОВНО-УЧИЛИШНИТЕ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА ........ 113**

2.1 ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА УСЛОВИТЕ НА ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТИТЕ НА БАЛКАНОТ ........ 113

*2.1.1 Од градење на стереотипи до конструкција на другоста* ........ 113

2.2 ОД МИЛЕТ ДО НАЦИЈА: СОЗДАВАЊЕТО НА БАЛКАНСКИТЕ НАЦИИ-ДРЖАВИ И НАЦИОНАЛНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ........ 127

*2.2.1 Помеѓу религијата и националноста* ........ 127

*2.2.2 Од панправославие, преку панславизам до национализам* ........ 132

*2.2.3 Територијалната основа на балканскиот национализам* ........ 153

*2.2.4 Емиграцијата како носител на националното будење* ........ 170

2.3 ЕРАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО: ЦРКОВНО-УЧИЛИШНИТЕ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА ........ 178

*2.3.1 Улогата на образованието во дефинирањето на модерните идентитети* ........ 178

*2.3.2 Црковно- училишните општини во Македонија* ........ 189

*2.3.3 Кон такедонската преродба* ........ 198

**ГЛАВА ТРЕТА: ИЗДИГНУВАЊЕТО И СУДИРОТ НА НАЦИОНАЛИЗМИТЕ НА БАЛКАНОТ: ПОЈАВАТА НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ........ 207**

3.1 ЕКСПАНЗИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ НАЦИОНАЛИЗМИ ........ 207

3.2 МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ........ 213

*3.2.1 Појавата и значењето на Македонското прашање* ........ 213

*3.2.2 Мапа, попис и музеј* ........ 235

*3.3.3 Црковно-училишните општини кон крајот на XIX и почетокот на XX век: Образованието и националниот натпревар во Македонија* ........ 246

*3.3.4 МРО: Создавање на македонскиот протонационализам* ........ 261

*3.3.5 „За македонцките работи“: Целосно оформување на идејата за етно-национална посебност на Македонците* ........ 282

Прилог 1: КАРТИ ........ 293

Прилог 2: Табели за бројот на населението во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век ........ 296

Прилог 3: Број на учениците во рамките на патријаршиските, српските и егзархиските училишта во Македонија ........ 299

**ГЛАВА ЧЕТВРТА: ДЕФИНИРАЊЕ НА МУСЛИМАНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО ДОЦНООСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА: ФОРМИРАЊЕ НА ТУРСКАТА НАЦИЈА-ДРЖАВА ........ 301**

4.1 ПАНОСМАНИЗАМ, ПАНИСЛАМИЗАМ И ТУРСКИ НАЦИОНАЛИЗАМ ........................................................................ 301

4.2 БАЛКАНСКИОТ МУСЛИМАНСКИ ДИСКУРС: ИДЕНТИТЕТОТ КАЈ МУСЛИМАНИТЕ СО СЛОВЕНСКО ПОТЕКЛО ................................... 317

**Заклучок.........................................................................................................329**

**Користена литература ........................................................................335**

## Вовед

Во последните години проучувањето во однос на состојбите на Балканот станува актуелно. Поконкретно, интересот беше свртен кон малцинските и етничките групи на просторите на бивша Југославија, која влезе во фокусот на интересирањата, особено со случувањата поврзани со нејзината насилна дезинтеграција во 90-те години на дваесеттиот век. Како и во раните фази на формирањето на балканските нации-држави, така и денес процесот на национална изградба е проследен со бескомпромисна борба околу идентитетите, која продолжува да се води во името на постигнувањето на национална хомогенизација.

Почетоците на формирањето на ваквата слика на Балканот треба да се бараат во доцноосманлискиот милетски систем, од кој се изродува идејата за националната посебност на жителите на Османлиската империја. Генералната поделеност на муслимански милет, кој ја претставувал административната и владејачка структура на Империјата и на христијански, Рум милет, е основната поделба на која функционира системот до деветнаесеттиот век.

Но под влијание на либерализмот и романтизмот, кои се развиле во "постнаполеоновиот запад", како и идеите за национална посебност, промовирани на германските универзитети, на османлискиот Балкан се развива просветителството. Основите на новите прогресивни движења меѓу христијанското население првенствено се формираат во рамките на црковните институции. Политичките околности придонесуваат токму овие институции да се искористат како база за понатамошно национално конституирање, кое во рамките на Империјата е репрезентирано преку мултипликацијата на милетите.

Црковните институции, кои првенствено служеа за духовна мобилизација на христијаните (за политичка може да се зборува само во некои случаи, кога Империјата била непосредно воено загрозена и во дефанзива), но и за пацификација, во служба на самата Империја, постепено се трансформираат во световни ентитети, кои го носат зародишот на националната идеја. Сликата која се формира на просторите на Балканот, како дел од Османлиската империја, во втората половина на деветнаесеттиот и почетоците на дваесеттиот век, во голема мера е истата што и денес егзистира на овие простори.

## Предмет на истражувањето

Почетната точка на истражувањето се поклопува со зачетоците на националната идеја и создавањето на националните држави на Балканот.

Проучувањето на историските процеси ќе придонесе за добивање на покомпактна слика за формирањето на колективниот, односно религискиот и националниот идентитет, почнувајќи со Османлиската империја, од втората половина на деветнаесеттиот век, па сè до почетоците на дваесеттиот век. Основниот правец во кој се движи теориската и емпириската елаборација на овој научно-истражувачки проект, ќе оди во насока на конструктивно анализирање и аргументирање на процесите и појавите кои произлегуваат од институционалната поставеност на овој османлиски, милетски контекст. Притоа се инкорпорираат светските социолошки теории на национализмот кои, заедно со политичко-правната поставеност на милетскиот систем, се презентирани во рамките на локалниот, балкански контекст.

Аргументацијата на правната регулатива, која произлегува од милетската институционална поставеност, во прв план се однесува на релациите произведени во рамките на црковно-училишните општини на територијата на Македонија. Притоа ќе се направи структурална анализа на правните акти произлезени од Империјата, но и социолошките аспекти на нивната имплементација во лицето на обичните жители на османлискиот Балкан, со посебен акцент на Македонија.

Релациите кои ваквиот милетски систем ги има со модерната западна идеологија, бирократизацијата, секуларизацијата и националната конструкција, кои произлегуваат од ваквите релации, се само дел од аспектите на кои ќе направиме обид подробно да се задржиме. Демографските придвижувања, во прв план произведени од политичката активност и промената на границите на Балканот, се проследени со трансформација на односите на општествена и системска интеграција. Крајот на деветнаесеттиот и почетоците на дваесеттиот век ќе го промовираат ваквиот нов модел на општествено општење не само кај христијанското, туку и кај муслиманското население. Залезот на милетот е подеднакво резултат како на граѓанството и интелигенцијата кои произлегоа од христијанските елити, така и на “младите Турци”, кои се школуваа на Запад и модерните струења ги наметнаа врз старата османлиска административна и социјална поставеност. Новите генерации го прифатија моделот на секуларна нација-држава со сите свои атрибути, а милетскиот систем, иако руиниран, послужува како погодна основа за ваквите трансформации.

### *Дефинирање на основните поими на истражувањето*

**Мила** (milla), чиј турски облик е **милет** (millet), има арамејско потекло и изворно значи “збор”, и оттаму означува група луѓе кои прифаќаат една посебна реч или книга на откровението. Се употребувал за верската заедница на исламот, но го употребувале и за други, вклучително и за немуслимански

верски групи. Во Османлиската империја тој станал технички термин и се употребувал за организираните, прифатените верско-политички заедници коишто уживале определени права и автономија под власта на нивните господари. Првичната основа била повеќе религиозна одошто етничка. Ова важи и за Ерменците и за Евреите бидејќи тие можат да се дефинираат и во религиозни и во етнички рамки. Во Империјата имало само еден муслимански милет. Грчкиот милет ја подразбирал Цариградската патријаршија како основа на Грчката православна црква, која вклучително ги опфаќала и Србите, Бугарите, Романците, Албанците, Македонците, Арапите и секако Грците. Посебните милети се појавиле подоцна под влијание на европските националистички идеи.

**Колективниот идентитет** според Диркем претставува "корпус од верувања и сентименти заеднички на просечните членови на општеството". Тој вклучува форми и содржина кои варираат според тоа дали за општеството е карактеристична општествената или механичката солидарност.

**Националниот идентитет** е поврзан со сентиментот, односно аспирацијата и свеста или вреднувањето на националната држава над сè, поврзано со културната и општествената идентификација на една релативно компактна група во рамките на поширокиот општествен и државен систем.

**Национализмот** како поим има мошне комплексно и широко значење. Под овој поим може да се подразбере израз на националниот карактер, потоа може да се сфати како идиом со кој се изразува нацијата, истакнување на аспирации за соединување на нацијата, како доктрина за божествен избор на нацијата или како целиот процес на формирање на нацијата. Во денешно време национализмот добива негативна конотација, поистоветувајќи се со шовинизмот.

**Малцинството** е група на луѓе која е бројно помала во споредба со другото население на државата што е во недоминантна положба, а чии членови-државјани на таа држава имаат етнички, јазични или верски карактеристики поинакви од оние на другото население и искажуваат, макар имплицитно, чувство за солидарност насочено кон сочувување на својата култура, традиција, религија или јазик.

**Етничка група** е група на лица што делат една заедничка дистинктивна култура. Како општествена група таа дели заедничка идеологија, институции и обичаи и чувство за хомогеност. Во рамките на етничката група има една заедничка културна традиција и чувство за идентитет и таа постои како подгрупа во рамките на едно пошироко општество. Етнички идентитет или етницитет е основна инстанца на колективната идентификација која се базира на перципираните културни разлики. Етницитетот е неминовно поврзан со

културата и претставува производ на социјалната интеракција, при што е и колективен и индивидуален во социјалната интеракција и во самоидентификацијата.

**Етничката интеракција** како поим го означува реципрочното влијание меѓу поединците, припадници на етничките заедници, или етничките заедници во целина; или синоним за општествен однос сфатен како меѓудејство на поединците кои свесно и непосредно влијаат едни на други. Во процесот на интеракцијата се разликуваат неколку типови односи: соработка, конфликт, натпревар, приспособување, акултурација, асимилација, маргинализација, репресија и сл.

**Етничките конфликти** претставуваат судир помеѓу две или повеќе етнички различни групи, при што во судирот доаѓаат до израз токму етничките и културни разлики. Речиси секогаш во етничките конфликти учествуваат малцински групи кои населуваат одредена територија во која претставуваат мнозинство и ја чувствуваат за традиционално или историски своја.

***Досегашни истражувања***

Карактерот на овој научно-истражувачки проект е од таква природа што бара интердисциплинарен приод кој би вклучил повеќе општествени дисциплини. Основниот извор на податоци ќе биде историската литература, на која ќе се пристапи од социолошка перспектива, односно од едно поопшто и поапстрактно стојалиште кое дава можност за поглед на поширок простор и подолг временски период од востановената практика на историските истражувања. Ваквиот пристап овозможува за едно поопшто ниво на апстракција и генерализација, карактеристични за социолошкиот приод.

Големиот број на трудови од овој карактер кои го обработуваат проблемот на османлискиот Балкан, не ни дава простор во овој дел да ги споменеме сите дела. Токму затоа ќе споменеме само неколку кои нудат генерална слика за понудениот проблем. Во прв ред тука спаѓаат историите на Османлиската империја, како и националните истории на поединечните балкански држави. Во овој дел би сакал да ја истакнам работата на Бернард Луис (Bernard Lewis), Бенџамин Бруд (Benjamin Braude), Кемал Карпат (Kemal Karpat), Фикрет Аданир (Fikret Adanir) и Сураја Фарохи (Suraya Farohi), Петар Шугар (Petar Sugar), Кемал Кафадар (Kemal Kafadar), Родрик Дејвитсон (Roderic Davison), Доналд Кватерд (Donald Quaterd), Вејн Вучинич (Waine Wuciniche), Ерик Зурчер (Eric Zurcher) и други автори кои ја проучуваат османлиската, односно турската историја.

Од редот на истражувачите кои го проучуваат Балканот би сакал да ги издвојам: Барбара Јелавич, Марија Тодорова, Марк Мазовер, Виктор Рудиментов, Обрад Савич и други автори кои освен со историската димензија се занимаваат и со прашањето на конструкцијата на националните држави и идеологии во овој регион. Секако како предвид мора да се земат и големиот број на автори кои се занимаваат со проучувањето на националните истории на секоја држава поединечно, но поради обемноста не би можеле да се задржиме на нив во овој дел.

Во контекст на социолошкиот аспект, нагласокот ќе биде ставен на имплементирањето на теоријата на нациите и национализмите, како и прашањето за природата на групниот идентитет, со фокус на овој регион и временски период. Притоа теоријата треба да помогне во експликацијата на проблемот на трансформирање на свеста и институциите, како и на природата на системските промени на едно повисоко ниво на апстракција. Во овој дел би сакал да ја споменам работата на А. Д. Смит, Е. Гелнер, Б. Андерсон, Ф. Барт и голем број други теоретичари.

На крајот на краткиот опис на досегашните истражувања, би сакал да ја истакнам работата на Александар Трајановски, кој ги обработува црковно-училишните општини на територијата на Македонија.

**Цели на истражувањето**

Истражувачкиот проект: **Социолошките и политичко-правните аспекти на милетскиот систем во доцноосманлиската империја: со посебен осврт на црковно-училишните општини во Македонија,** ги има следните научни цели:

**Прво**, со ова истражување се оди кон научна анализа на еден процес кој има свој развоен пат и континуитет. Имено, процесот на трансформација на милетскиот систем има силно влијание, како на територијата на Македонија, така и во пошироките контекст на Балканскиот Полуостров, што придонесува за редефинирање на општествените односи и создавање поволна почва за промена на критериумите за колективно групирање и организација.

**Второ**, преку историската анализа се укажува на специфичностите во етно-националистичкиот приод на колективна идентификација, кој доминира во овој дел од светот, но и се укажува на разликите со западниот територијален концепт на формирање на нацијата и општествените колективитети воопшто.

**Трето**, резултатите добиени од анализата ќе имаат своја научна вредност, ќе се вклопат во научните сознанија на науките што се

занимаваат со оваа проблематика, пред сè социологијата, историјата и правото, од чиј аспект ќе се анализира проблемот.

**Четврто**, со резултатите добиени од анализата на ова истражување треба да се добијат податоци за социјалните карактеристики на населението кои произлегуваат од неговиот статус на милетска административна припадност. Притоа се води сметка за повеќе аспекти на општествениот живот:

- креирањето на правните норми и институции во делот на различните милети, но и нивната имплементација;
- положбата (политичко-правна, економска, социјална и сл.) во доцноосманлиската империја и нејзиното влијание на спроведувањето на нормите пропишани на меѓународните конференции, а во поглед на административното и општествено реформирање и влијанието врз населението;
- да се утврдат причините кои влијаат за националната определба, како нов модел на колективна идентификација, во релација со традиционалните норми и посебности - јазик, религија, обичаи, култура и сл., но и влијанието на агенцијата (државните и национални институции на младите балкански нации), која влијае на интензивирањето на трансформацијата на општествените односи, внатре, во рамките на остатоците од Османлиската империја;

**Петто**, да се утврди поврзаноста на глобалните општествени појави и процеси, нивните извори и нивното влијание врз ставовите, определбите и општествените релации на граѓаните, како критериум за промена во милетскиот систем, но и како фактор за неговото уништување.

**Хипотези на истражувањето**

Надоврзувајќи се на научната цел на истражувањето и анализата од емпириското истражување, се има за цел да се потврдат следните хипотези:

Општа хипотеза

Милетскиот систем, кој има основна улога во општествениот живот на Империјата, низ процесот на трансформација условен од продорот на западните идеи на модерноста го менува својот карактер од религиозен во етнојазичен и со тоа се стекнува со способност да послужи како база за формирање на идните балкански национални ентитети.

Посебни хипотези:

- Милетот, како институционална категорија, влијае во обликувањето на генералната свест за новата општествена реалност;
- Судирот меѓу традиционалната милетска институционална поставеност врз конфесионални критериуми и традиционалните културни особини базирани на етнојазичните карактеристики на заедниците произведува статусни промени кај населението (економски, политички, социјални итн.) и формирање на нови елити;
- Различната економска поставеност на старата земјопоседничка муслиманска елита и новите граѓански, во прв ред христијански елити влијаат врз иинтензивирање на процесите на понатамошна трансформација на карактерот на милетскиот систем;
- Внатрешните реформи на Османлиската империја кои се спроведуваат во текот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век го опфаќаат и милетскиот систем;
- Политичкото влијание на европските сили врз поттикнувањето на балканските протонационализми и формирањето на национални држави поттикнува создавање (или создава) нова институционална реалност во која е отфрлен милетскиот систем;
- Новоформираните балкански национални држави влијаат врз промената на внатрешната структура на остатоците на османлискиот систем на Балканот (влијанието врз мултипликација на милетите, влијанието во образованието, влијанието врз црковно-училишните општини, како и врз политичкиот институт на примена на вооружена принуда и формирање на паралелни вонинституционални установи);
- Мултикултурниот карактер на глобалното доцноосманлиско општество, како спротивност на создавањето на монолитната национална држава е основата за функционирањето на меѓугрупните односи во ова општество.

Поединечни хипотези

- Религиската припадност, како и религиозните институции имаат големо влијание врз градењето на историската колективна свест како основна институција низ која е санкционирана поделбата на населението во Османлиската империја и како таква се користи сè до крајот на империјата;
- Новите локални христијански елити се критичен фактор за формирањето на црковно-училишните општини;
- Во модерноста распределбата на моќта (економска, политичка, правна) во територијалната единица има влијание врз општествената положба на населението;
- Социо-економската положба и општествениот статус на населението влијае врз ориентацијата во однос на милетската припадност, како и подоцнежната националната определба;
- Образованието има големо влијание врз колективната и национална определба, како и рушењето на традиционалните религиски односи на кои се темелел милетот, ставајќи акцент на новите колективни критериуми, како што е јазикот;
- Применета на четничкиот институт и вооружената принуда од страна на новоформираните балкански нации-држави придонесува за промената на статусот на карактерот на христијанското население во деловите на Империјата на Балканот;
- Влијанието на младата муслиманска интелигенција придонесува за создавање на предуслови за реформирање на традиционалните институции во Османлиската империја;
- Етно-географската изолираност на одредени заедници во рамките на милетскиот систем, без разлика на конфесионалната припадност, придонела за сочувување на нивните културни специфичности;
- Меѓународните конференции и договори, особено во периодот од Големата источна криза до крајот на Империјата наметнуваат спроведување на административни реформи на османлискиот милетски систем (воено-админстративни, даночни, законодавно-судски).

**Методолошки пристап на истражувањето**

Според целите и задачите на научно-емпириското истражување, можеме да кажеме дека овој труд има:

- Експликативен карактер, кој се однесува на причинско-последичниот детерминизам на делови од општествената стварност, односно на причините кои влијаат врз културната и националната определба;
- дескриптивен карактер, бидејќи дава опис на сите процеси и појави кои влијаат на етничката и националната определба, како и функционирањето на правото;
- експлоративен карактер, бидејќи овозможува да се утврди во што се состои содржината на проблемот, односно се задира во суштината на процесите на националната изградба и заштитата на колективитетите кои се различни од носителите на таа национална изградба, но се дел од овие процеси;
- структурален карактер, овозможува утврдување на составот на појавата, деловите од кои се состои како и односите меѓу нив, односно кои делови од општествената стварност влијаат на националната изградба, идентификацијата и структурата на правните норми кои се однесуваат на колективните права на заедниците инкорпорирани во милетскиот систем.

Во истражувањето ќе се почитуваат следните критериуми:

- Социолошкиот, кој треба да овозможи да се истакне социолошкиот аспект на националната изградба;
- Правниот, кој се состои од толкување и обработка на законските регулативи, како и меѓународните декларации, резолуции, спогодби и документи, а кои се однесуваат или го засегаат овој проблем;
- Организацискиот критериум, со кој се проверуваат основните состојби на дадениот проблем, од аспект на минатото, сегашноста и иднината;
- Политичкиот, кој послужи за политичката поставеност и политичкиот акцент на проблемот на етничката и националната идентификација и примена на нормите за заштита на малцинските права.

Методи на истражувањето:

- Анализа на историска, етнографска, антрополошка, социолошка, правна и друг вид на прикладна литература;
- Анализа на статистички податоци;
- Анализа на правни акти кои се однесуваат на милетскиот административен систем;
- Споредбена анализа на меѓународните акти кои се однесуваат на истражуваниот проблем и нивната вклученост во законодавствата на балканските држави.

Методологијата на истражувањето во прв план вклучува емпириска обработка на податоци, преку примена на повеќе од горенаведените методи, со посебен акцент на синтетизирањето на теоријата за нациите и национализмите и историските фактографии, од една страна, и влијанието на ваквите теоретски гледишта за различните балкански држави од друга страна. Ќе биде анализиран османлискиот милетски систем во перидот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, како и најзначајните норми кои произлегуваат од меѓународните конференции и договори, а се однесуваат на овој систем.

**Заклучок**

Тргнувајќи од општата хипотеза дека „милетскиот систем, кој има основна улога во општествениот живот на Империјата, низ процесот на трансформација условен од продорот на западните идеи на модерноста, го менува својот карактер од религиозен во етно-јазичен и со тоа се стекнува со способност да послужи како база за формирање на идните балкански национални ентитети“, можеме да заклучиме дека ваквата претпоставка делумно се потврдува низ истражувањето. Имено трансформацијата од религиски во етно-јазичен идентитет, од аспект на теориите на нациите и национализмот, во случајот на постосманлиските балкански нации-држави, најпрвин поминува низ фазата на конструкција на територијален национализам. Во XIX век територијата или идејата за замислената територија е таа која го мобилизира населението под плаштот на новите западни идеологии. Ваквата состојба еволуира, за веќе првите образовани генерации во рамките на нациите-држави да бидат убедени во своето органско, етно-јазично потекло. Татковината, како што е позната претставата за територијата, и понатаму игра клучна улога за одржување на националистичкиот импулс. Секако еден од најзначајните аргументи е присуството на асимилацијата кај сите балкански нации, која е карактеристична за цивилниот, територијален, а не етничкиот национализам, во кој постои сегрегација, изолација и често отстранување на аутсајдерите (не припадници на групата), но не и нивно интегрирање. Примерот на балканските национализми ги вклучува и двете, што значи дека со време развива капацитет за воспоставување на етно-јазична национална база. Следниот аргумент, кој оди во прилог на територијалниот национализам, во раниот XIX век, е фактот дека етно-јазичниот модел, уште попознат и како германо-словенски, во суштина се шири низ источна Европа по обединувањето на Германија, во седумдесетите години на истиот век.

Милетот, како матична институционална категорија на Османлиската империја има клучна улога во обликувањето на балканските национализми. Имено, овој административен систем ја нуди основата за градење на речиси сите балкански национализми кои произлегуваат од османлискиот контекст. Религијата во овој дел претставува основа, а инкорпорираната западна идеологија ја нуди финалната форма. Во случајот, судирот меѓу традиционалната милетска институционална поставеност врз конфесионални критериуми и традиционалните културни особини базирани на етно-јазичните карактеристики на заедниците произведува статусни промени кај населението (економски, политички, социјални итн.) и формирање на нови елити. Многу често, особено во почетокот на XIX век, токму статусната состојба била земена како услов за изразување на политичка и религиска лојалност кон

милетите. Понатамошната мултипликација на последните условува создавање на конкурентски елити, кои за да ја одржат состојбата се приклонуваат кон некоја од националните пропаганди.

Различната економска поставеност на старата земјопоседничка муслиманска елита и новите граѓански, во прв ред христијански елити влијаат врз интензивирање на процесите на понатамошна трансформација на карактерот на милетскиот систем. Оваа претпоставка е поврзана со неуспехот на османлиските институции суштински да се реформираат и да понудат база за интеграција на сите категории на населението во Империјата. Иако номинално рамноправната основа била воспоставена, во пракса најголем дел од немуслиманските конфесии сѐ уште биле маргинализирани. Но, од друга страна, делумната либерализација, особено во сферата на образованието, доведува до состојба на интензивирање на сецесионистичките намери на христијанските поданици, а од друга страна панидеологиите на османлискиот муслимански блок кон средината на XIX век забележуваат регресивно свртување од иницијалниот паносманизам кон панисламизмот.

Последното е надополнето со економското, военото и политичкото слабеење на Империјата, што придонесува за наметнување на влијанието на т.н. Големи сили. Кучук-Кајнарџискиот мир и договорот со Русија која се здобила со правото да се грижи за статусот на христијанските православни поданици било само почеток на низата договори и наметнувањето на надворешните услови за дефинирање на балканските идентитети. Желбата за создавање на свои матични татковини била иницирана и поттикната од политиката на Големите сили. Последната претпоставка во втората половина на XIX век и почетоците на XX век е надополнета со желбите на тукушто формираните млади балкански нации-држави да го наметнат своето влијание во остатоците на Империјата. Токму овој период ќе биде означен со поставувањето на Македонското прашање, кое подеднакво ги вклучува аспирациите на Србија, Грција и Бугарија, но и новите струења на матичната македонска интелигенција за создавање на сопствена државност, рефлектирана преку идејата за автономија. Крајот на ваквата состојба е одбележан со Балканските војни.

Мултикултурниот карактер на глобалното доцноосманлиско општество, како спротивност на создавањето на монолитната национална држава, е основата за функционирањето на меѓугрупните односи во ова општество. Мултикултурализмот едновремено значел слобода на организирање, но и изолација и сегрегација, втемелени на конфесионална, а подоцна и на национална основа. Супериорноста на муслиманскиот милет, и покрај номиналната еднаквост воспоставена по ерата на реформите, оневозможила практично овој концепт да заживее. Но, исто така, една од основните

претпоставки зошто мултикултурализмот не успеал е непостоењето на успешно спроведена и прифатлива идеологија, која ќе ги обедини сите поданици, а истовремено ќе се спротивстави на западно продуцираните национални идеологии од една и растечкиот панисламизам од друга страна.

Институционалната рамка на црковните општини претходи на секаква друга административно-политичка и национална реформа. Во рамките на овие религиски институции, без разлика дали се однесуваат на христијанските, муслиманските или еврејските заедници, се формираат првите клетки на колективна идентификација. Истите подоцна, под влијание на романтизмот и просветителството се искористени за националистичка мобилизација и промовирање на карактерот на националните (протонационални) посебности. Заклучно со формирањето на турскиот национализам, кој во основа е дефиниран како секуларен, во суштина како основа е искористена религијата која произлегува од османлискиот милетски контекст.

Навлегувањето на западните идеологиии се вршело преку директно влијание од западните претставници во Империјата, како и бројните христијански мисионери кои ја интензивирале активноста во периодот по Кримската војна, но и локалната, најпрвин трговска, а потоа и интелектуална елита, која имала прилика да ги посети западноевропските центри. На локално ниво овие елити ќе одиграат клучна улога во формирањето на црковно-училишните општини и ширувањето на идеите на просветителството сред османлиските поданици.

Општествената положба на модерните нации-држави повеќе не е детерминирана од традиционалната поставеност и наследноста на привилегиите и обврските. Оттука, пристапот до изворите на моќта добива нов карактер. Релативно изолираните локални елити имаат можност преку акумулација на материјални добра да го поправат општествениот статус. Исто така, по периодот на Танзиматот ваквите елити имаат можност суштински да влијаат на османлиската политика. Но, во пракса ваквите претпоставки биле неостварливи поради неуспехот да се имплементираат реформите. Иако влијанието на елитите се зголемило, тоа и понатаму останува локализирано или најмногу регионализирано, без можност да влијае на креирањето на политиката на централните власти, армијата или администрацијата, кои и понатаму остануваат да бидат доминирани од традиционалниот фактор на муслиманските елити.

Како што веќе споменавме, социо-економската положба и општествениот статус имаат извесно влијание за определбата на припадноста, но не во милетска смисла. Мораме да ставиме забелешка дека ова е случај во раните фази на формирање на балканските национализми, кога во фазата на панславизам и под влијание на просветителството се јавува движењето за

воспоставување на училишта и спроведување на црковниот обред на мајчин јазик. Во периодот на првата половина и средината на XIX век било речиси вообичаено трговско-граѓанската елита да се идентификува со грчко-патријаршиската припадност. Како се приближуваме кон крајот на истиот век, се создава ваква елита и во редовите на Егзархијата. Сепак, многу често бугарско-егзархиската припадност и идентитет дури и во почетокот на XX век се изедначува со „словенското селско“ население.

Образованието има големо влијание врз колективната и национална определба, како и рушењето на традиционалните религиски односи на кои се темелел милетот, ставајќи акцент на новите колективни критериуми, како што е јазикот. Всушност образованието е клучот за создавање на каква и да е етничка или национална посебност. Конструкцијата на колективните митови и претстави за припадноста наследена од предците, во XIX век се префрлува од црковно-клеричките институции кон секуларно-образовните. Притоа, долго време последните две остануваат испреплетени со силни меѓусебни влијанија. Потребата од образование на народен јазик во суштина е причината за будење на словенските балкански национализми, а како резултат на стекнатото образование се создава и потребата за здобивање на подобар социјален статус. Инертноста на османлиската администрација во спроведувањето на реформите, монополот кој во јавните служби го има муслиманскиот елемент, проследено со оневозможувањето на христијаните на еднаков пристап е во обратнопропорционален однос со продукцијата на образовани кадри во редовите на христијанските заедници. На крај ова ќе резултура со желба за создавање на сопствена државност, во која монополот и пристапот до ресурсите би ги смениле конфесиите. Вооружената борба и тајните организации се подеднакво резултат на дискриминацијата, но и очекувањата.

Применета на четничкиот институт и вооружената принуда од страна на новоформираните балкански нации-држави придонесува за промената на статусот на карактерот на христијанското население во деловите на Империјата на Балканот. Особено во првата декада на XX век ваквата претпоставка била практика. На теренот на Македонија се судриле вооружените пропаганди на Бугарија, Грција и Србија, кои заедно со автономните тенденции на Македонското револуционерно движење создаваат комплексна слика на конфронтации и немири. Покрај заедничкиот непријател виден во лицето на официјалните османлиски власти, пропагандите неретко се судирале меѓусебно, особено во постилинденскиот период, во времето на т.н. грчка македонска борба.

Реформите во Османлиската империја се резултат на двојниот фактор. Прво, тоа е притисокот кој доаѓа однадвор, од Големите сили, кои на многубројните мировни конференции од XIX век и почетокот на XX век ги

реисцртуваат картите на територијалноста на Империјата. Исто така, меѓународниот фактор влијае и на интензитетот на спроведување на реформите, како и на нивниот карактер, што било надгледувано преку бројните нивни претставници. Вториот фактор доаѓа од младата османлиска интелигенција, школувана пред сè на универзитетите во западна Европа. Смената на генерациите во Османлиската империја ќе резултира со зголемен притисок од оваа интелигенција. Опстанокот на Империјата можел да се обезбеди само преку суштински реформи. Но, на крајот, по Балканските и Првата светска војна, откако пропаднале и последните обиди за одржување на османизмот, истата таа интелигенција ќе ги редефинира погледите и, прифакајќи го западниот национализам, ќе ги удри темелите на современата турска нација-држава.